*Evro-za vse nas*

# Доаѓа еврото



# Содржина


Вовед 2

**I. Зошто го воведуваме еврото?** 4

Што ни носи воведувањето на еврото? 4

**II. За еврото** 5

Што е евро? 5

Каде можеме да плаќеме со евра? 5

**III. Преземање на еврото во Словенија** 6

Како можеме да се подготвиме за воведување на еврото? 7

Главни датуми на воведувањето на еврото 7

Двојно означување на цени 8

*Правила за пресметување* 10

*Правила за заокружување* 10

Барајте кусур! 11

**IV. Додатни информации** 15

# Вовед

Со членството во Европската унија, Словенија се одлучи за заедничка европска иднина и воедно ја прифати и нејзината валута – еврото. За воведување на еврото мора државата што е членка на Европската унија да исполнува одредени услови – тоа се конвергентни или мастрихтски критериуми. Главната карактеристика на спомнатите критериуми е **стабилноста**: за преземање на еврото треба државата-кандидатка да покаже стабилност на јавните финансии, на цените, на каматните стапки и стабилност на девизниот курс што заедно претставуваат стабилно стопанство.

Првиот чекор за преземање на еврото Словенија го направи со влегување во механизмот на девизните курсеви (ЕРМ II) на 28 јуни 2004 година. Доколку после две години соработка во спомнатиот механизам ги исполниме сите критериуми, тогаш на 1 јануари 2007 година еврото ќе стане и наша валута. Словенија е на добар пат за да добие зелено светло.

Иако мислењата за корисноста на заедничката валута на европско ниво се поделени, можеме за мало и отворено стопанство какво што е словенечкото оправдано да тврдиме дека интересите и ползите се поголеми од евентуелните ризици. Интерес од единствената валута нема да имаат само државата, стопанството и бизнисмените, туку него ќе го почувствува секој од нас. Еврото е стабилна валута. Со неа можеме да купуваме во 12 држави на Европската унија, а со влегување на новите држави во подрачјето на евро тие можности се зголемуваат. Кога ќе одиме на гости, на бизнис патувања, одмори, излети и да купуваме, нема да биде потребно да се менуваат парите. На словенечкото стопанство ќе му помогне подобро да ги искористи предностите на заедничкиот европски пазар, а потрошувачите ќе можеме едноставно да ги споредуваме цените на истите производи помеѓу различните држави. Притоа, еврото веќе одамна ги надмина рамките на EU и може да се менува и во третите земји.

# *Вовед*

Една валута значи поголема меѓусебна поврзаност на Европската унија. Со тек на годините, еврото се покажа не само како моќна и стабилна валута, туку е таа и симбол на заедничкиот европски идентитет, на заедничките вредности на повеќе од триста милиони луѓе. Тоа докажа дека може да биде голема прилика за создавање на конкурентен и стабилен економски простор.

Подготовките за преземање на еврото во Словенија се во полн ек. Заедно ги водат Владата на РС и Банката на Словенија, а во подготвувањето се вклучени сите значајни институции како на државно така и на локално ниво. Свесни сме дека од големо значење за успех на проектот подготовките на воведувањето да ги вклучиме сите граѓани на Словенија.

Со таа намера Владата на Р Словенија и Банката на Словенија подготвија обемна програма на известување на јавноста. Публикацијата што е пред вас е вовед во тие активности. Со неа би сакале во годината на интензивните подготвувања на преземање на еврото да ви го претставиме работењето на европското парично подрачје, улогата на Словенија притоа и да ги претставиме евро банкнотите и кованите пари. Не се двоумиме дека многумина од вас веќе сте се сретнале со еврата, но веруваме дека публикацијата ќе ви биде од корист. На почетокот на двојното означување на цените би сакале и на овој начин да ви помогнеме што полесно и поскоро да се привикнете на еврата – на нашите идни пари, односно на делот од нашата заедничка европска иднина.

**д-р Андреј Бајук**
*министер за финансии*

# I. Зошто го воведуваме еврото

Со влегување на Словенија во Европската унија (1 мај 2004 година), таа се обврза и кон воведувањето на заедничката европска валута – еврто. Иако е оваа обврска дел од нашиот пристапен договор, треба претходно да исполниме шест конвергентни критериуми и кон тие цели е насочена и нашата економска и парична политика.

Кога заедничката европска валута како службено платно средство го воведоа првите 11 држави (подоцна еврото го воведе и Грција), државите-членки сè уште имаа можност да одлучат дали ќе го преземат еврото или не. Голема Британија и Данска одлучија да ја зачуват сопствената валута: тие си изборија посебно право што им дава можност за да не треба да го воведат еврото, иако ги исполнуваат конвергентните критериуми. Шведска засега формално не ги исполнува конвергентните критериуми за воведување на еврото, бидејќи останува надвор од механизмот на девизните курсеви (ERM II). За новите држави-членки на ЕУ, вклучувајќи ја и Словенија, таа можност не постои. Сите овие држави треба својата економска и парична политика да ја водат така што ќе можат што поскоро да ги исполнат конвергентните критериуми и така да се подготват за воведувато на еврото.



## Што ни носи воведувањето на еврото?

Покрај останатото, воведувањето на еврото во Словенија ги носи следниве предности:

- создавање на постабилна средина за целата економија поради укинување на нестабилноста на девизниот курс помеѓу државите што го вовеле еврото, а со тоа и укинување на несигурноста, ризичноста и на трошоците на менувањето;
- полесно работење и на неевропските пазари;
- подобро споредување на домашните цени на производи и услуги со цените во државите на т.н. подрачје на еврото;
- поголема конкуренција како последица на повеќе споредиви цени на подрачјето на еврото;
- укинување трошоци поради менување на пари;
- поголем избор на различни облици штедење и полесно земање кредити, без непотребно барање менувачници пред патувањата и на патот низ Европа и низ светот.

# II. За еврото

## Што е евро?

Евро е заедничка валута на Европската унија. Досега еврото го воведоа 12 држави-членки на ЕУ што го создаваат т.н. подрачје на еврото.



*Дел од подрачјето на еврото се Белгија, Франција, Германија, Италија, Ирска, Луксембург, Холандија, Австрија, Португалија, Финска, Шпанија и Грција.*

## Каде можеме да плаќаме со евра?

- во 12 држави-членки на ЕУ: во Белгија, Франција, Германија, Италија, Ирска, Луксембург, Холандија, Австрија, Португалија, Финска, Шпанија и во Грција;
- во Монако, Ватикан и Сан Марино каде што веќе склучиле посебни спогодби со ЕУ за употреба на еврото;
- на француските прекуокеански територии што официјално не се дел од ЕУ, но пред воведувањето на еврото користеле француски франкови;
- во државите, односно во деловите на државите каде што еврото се користи како наследник на старите валути; такви примери се Андора којашто никогаш немала своја валута, а ги користела шпанската пезета и францускиот франк, и Црна Ѓора и Косово каде што еврото се користи како наследник на германската марка.

# III. Преземање на еврото во Словенија

Според плановите, во Словенија еврото ќе го воведеме на 1 јануари 2007 година. После воведувањето на евро банкноте и кованите евро пари би требало да следи прилично кус период на двоен промет на толари и евра. Бесплатна замена на толарската готовина во банките ќе биде можна до крајот на февруари 2007 година, а потоа со безвременско ограничување банкнотите ќе можат да се сменат во Банка на Словенија. Толарските ковани пари ќе можат да се променат до крајот на 2016 година.

## Временски распоред на активности при преземање евро*

**Сите датуми се одредени условно.*

| | |
|---|---|
| **Периодот на ЕРМ 2** | **28. 6. 2004 год.**<br>Влез во ЕРМ 2 |
| **Претпристапен период** | **Според планот во октомври 2006 година:**<br>*• исполнување на конвергентните критериуми*<br>*• укинување на дерогација*<br>*• одредување на неотповикливо одредениот курс на замена* |
| **€-ден 1. 1. 2007** — **Преземање на еврото** *Период на двојниот промет* | **1. 1. 2007 год.**<br>*• еврото станува пара во промет*<br>*• почеток на двојниот промет и замена на толарот со еврото* |
| **Преземање на еврото** | **14. 1. 2007 год.**<br>*• завршување на двојниот промет* |
| **Период на продолжената замена во БС со безвременско ограничување** | **1. 3. 2007 год.**<br>*• завршување на менувањето на толарите со евра* |

*Периодот на двоен промет кога ќе можеме да плаќаме со толари и евра ќе биде многу кус, затоа се препорачува што повеќе готовина да ставиме на сметка во банката, бидејќи таа така автоматски ќе биде пресметана во евра.*

## Како можеме да се подготвиме на воведувањето на еврото?

Воведувањето на новите пари е проект што ги задева сите – државата, нејзината економија и граѓаните. Добрата подготовка за преземање на еврото во голема мерка ќе го олесне воведувањето на новите пари и кај поединецот. Добрата информираност на потрошувачите може да биде од голема значајност за неспречен процес на замена на толарите со евра.

### Важно е датумите да ги знаеме главните датуми од планот за воведувањето на еврото.

**1 јануари 2007 година** – краен датум на воведувањето на евро, датум за којшто се врзани сите останати датуми; дали еврото ќе биде навистина воведено на 1 јануари 2007 година зависи од тоа дали Словенија тогаш ќе ги исполнува бараните критериуми;

**1 јануари 2007 година** – 14 јануари 2007 година – период на двоен промет на еврото и толарот: во тоа време еврата ќе бидат веќе наши пари, а готовинско сè уште ќе може да се плаќа и со толари;

**1 јануари 2007 година** – 1 март 2007 година – ќе биде во банките можна промена на толарската готовина без провизија; после овој рок промената на толарските банкноти ќе биде можна без ограничување во Банкатна Словенија, а толарските ковани пари ќе можат да се сменат до крајот на 2016 година; сите книжени пари, значи и парите на трансакциските сметки, автоматски ќе бидат пресметани во евра веќе на 1 јануари 2007 година.

### Многу е значајно со помош на (информативното) двојно означување да следиме дали цените правилно да се пресметани и износите правилно заокружени

**Двојното означување на цени** им помага на потрошувачите да свикнат на изразување вредности со новите пари, а искажувањето цени во толари и во евра ќе помогне и при откривање на неправилно пресметување, односно заокружување. Со законот за двојното

означување на цени е одредено дека треба одреден период пред и после воведување на еврото цените на стоката и услугите да бидат искажани во толари и во евра.

Двојното означување на цените ќе биде поделено на два периода:

**задолжителниот период на информативното двојно означување на цените** ќе започне на 1 март 2006 година и ќе заврши со денот на одредување на курсот на замена. Со тој период треба цените да бидат запишани истовремено во толари и во евра и треба да бидат пресметани според централниот курс;

**периодот на двојно означување на цените** ќе започне со денот на одредување на курсот на промена и ќе заврши шест месеци после воведувањето на еврото.



***За времетраењето на двојното означување на цените треба цените за стока и услуги да бидат запишани во двете валути и објавени така за да може потрошувачот едноставно и недвосмислено да ги прочита и да ги споредува. Притоа, се очекуваат неколку исклучоци:***

**на бензинските пумпи** треба на автоматите за точење гориво или во нивната непосредна близина да биде запишана цената за еден литар во двете валути и девизниот курс. Запишаната цена во евра за еден литар гориво треба да биде прецизирана на три децимални места;

**во фирмите што нудат стока и услуги преку каталози** можат во каталогот да ги запишат само цените во водечката валута на ден на издавањето на каталогот, а во прилог треба да бидат дадени информацијата за девизниот курс и ценовникот во којшто ќе бидат наведени сите цени од каталогот во двете валути во редослед од пониски кон повисоки цени;

**на одделите со месо, риби, деликатес и леб** треба на видливо место да биде поставен ценовникот за сета стока во двете валути;

[1] Курсот на замена е неотповиклив и траен однос на размена помеѓу толарот и еврото што ќе го одреди Советот на ЕУ.

[2] Централниот курс е курс што бил одреден при влегувањето на Словенија во механизмот на девизните курсеви (ЕРМ II), т.е. евро чекална (1 € = 239,640 СИТ).

**продажните автомати за стока и услуги** треба на видливо место да имаат поставени курсна листа и ценовник со сите цени за стока и услуги во двете валути;

**при продажба на книги и други издавачки производи** треба на видливо место да бидат запишани девизниот курс и табелата за пресметување каде што се забележани износите за најмалку триесет најзначителни цени на книги, односно други издавачки производи по избор на продавачот, во двете валути во редослед од пониски кон повисоки цени;

**во фирмите што примаат платени износи за игри на среќа или вршат некои други услуги во врска со било каква игра на среќа** треба на продажните места и на автоматите со игри на среќа на видливо место да имаат поставени девизна курсна листа и ценовник во двете валути;

**во малите фирми што вршат трговска дејност и имаат вработени најмногу десет лица** можат во продавницата во која истовремено се вработени најмногу пет лица да користат и алтернативни начини на потрошувачот да му овозможат пресметување и споредување цени во толари и евра, на пример, со користење на ценовници или табели за пресметување. Истото важи и за фирмите што вршат занаетчиска дејност;

**во фирмите што нудат стока или услуги за склучување правна работа** каде што цените, вредноста на побарувањата или обврските се искажуваат во евра;

**кај земјоделците** што својата стока ја продаваат непосредно на конечниот потрошувач.

Двојното означување нема да биде задолжително за означување на цената за единицата на производот (на пр. за килограм, метар, парче), за износите на исписите на вагите и дигиталните прикажувачи на цени и за вредностите на таксените марки.

## Какви се правилата за пресметување и заокружување?

### *Правила за пресметување во периодот на задолжителното информативно двојно означување*

Од 1 март 2006 година па до одредување на курсот за замена, износите информативно се пресметуваат според централниот курс. Износот во евра се пресметува така што толарскиот износот се дели со централниот курс (1 € = 239,640 СИТ). При заокружување на износите важат правилата за заокружување.

### *Правила за пресметување во периодот на двојното означување цени*

**После одредување на неотповикливиот курс на замена** ќе биде одреден курсот за 1 евро. При пресметувањето, курсот на замена не се заокружува и не се крати, туку се користи за пресметување помеѓу единицата на еврото и единицата на толарот во двете насоки. И овде важат правилата за заокружување.



### *Правила за заокружување*

Правилата за заокружување постојано се еднакви без оглед на тоа според кој курс се врши пресметувањето на цените.

При заокружувањето паричните износи во евра се заокружуваат нагоре или надолу на најблискиот цент. Доколку резултатот на пресметувањето е износ што е точно на средина, истиот се заокружува нагоре.

1. Ако е бројката на третото децимално место **помало од пет,** износот во еврата се заокружува надоле: (на пр. 24,784 еура станува 24,78 еура);
2. ако е бројката на третото децимално место **пет или повеќе,** износот во еврата се заокружува нагоре (24, 785 еура станува 24,79 еура).

## *Пример за заокружување при пресметувањето врз основа на централниот курс*

**1. пример:**

500 СИТ = 500 : 239,640 = 2,086... ➡ 2,09 еура
(бидејќи бројката на третото децимално место е пет односно повеќе, износот во евра се заокружува нагоре)

**2. пример:**

1.000 СИТ = 1.000 : 239,640 = 4,1729... ➡ 4,17 еура
(бидејќи бројката на третото децимално место е помало од пет, износот се заокружува надолу).



## Барајте кусур!

***При плаќање со толари вратениот кусур често го игнорираме, затоа тој најчесто останува на касите, по џебовите или дома.***

***Со воведување на еврото, плаќањето со кованите пари и банкнотите од пониски вредности ќе стане значајно, бидејќи цените на основните животни потреби, како на пр. лебот и пецивото, ќе износат околу 1 евро. Затоа во нашите џебови набрзо ќе биде приметлив секој цент што нема безгрижливо ќе го оставиме на касата. Ке треба и да свикнеме кованите пари да ги трошиме секојдневно и да не ги чуваме дома. Кованите пари се платно средство што е сосема рамноправно со банкнотите.***

# Банкнотите

Банкнотите беа издадени во седум различни вредности:
5 €, 10 €, 20 €, 50 €, 100 €, 200 € и 500 €.
Тоа се законити платни средства на целото подрачје на еврото.

**Секоја банкнота го прикажува едниот од европските архитектурни стилови:**

- класика,
- романтика,
- готика,
- ренесанса,
- барок и рококо,
- архитектура на железо и стаклото и
- современа архитектура на 20. век.

На предната страна се прикажани прозорците и вратата што го симболизираат европскиот дух на отвореноста и соработката. 12 Ѕвезди на Европската унија ги претставуваат динамиката и хармонијата на современата Европа. Мостовите на позадината ја симболизираат комуникацијата помеѓу европските народи и помеѓу Европа и останатиот свет.

*Evro-za vse nas*

*Source: www.ecb.int/bc/html/index.sl.html*


5 EURO

5

10
10 EURO

10

20
20 EURO

20

50
50 EURO

50

100
100 EURO

100

200
200 EURO

200

500
500 EURO

500

# Кованите пари

**Кованите**
Кованите пари се издани во осум различни вредности: 1, 2, 5, 10, 20 и 50 центи, 1 € и 2 €. Сите имаат единствена предна страна, а позадината се разликува помеѓу државите.*
Националната страна означува во која држава биле кованите пари издадени.

**десно предлози на словенечките евро ковани пари*




**Ќационалните страни на кованите пари**

д-р Франце Прешерн

Примож Трубар

Триглав

липицанци

Плечниковиот нацрт на словенечкиот парламент

“Сејачот” на Иван Ѓрогар

Кнезов камен

штрк

# IV. Додатни информации

Колку повеќе се доближува воведувањето на еврото, толку повеќе нови прашања се отвараат. Ние собравме неколку информации што ќе можете да ги користете при барањето одговори на вашите прашања.

На **еврофонот 080 2002,** бесплатниот телефонски број, можете да поставувате прашања во врска со воведувањето на еврото во Словенија, за одвивањето на подготовките, вршењето на менувањето и за многу други работи. 080 2002 е и број на којшто можете да ги пријавувате евентуелните неправилности што ќе ги најдете при пресметувањето на цените од толари во евра, при заокружувањето или непочитувањето на правилата за двојното означување.

За поставување прашања или за нарачување на публикации можете да користите и **евродописни картички** што се на располагање во поштите низ Словенија.

Интернетната страна **http://www.evro.si** е богат извор со информации за сите оние што ве интересираат подеталните информации за еврото и за подготовките за неговото воведување во Словенија. Таму ќе најдете многу практични информации за процесот за замена, а освен тоа уште бројни линкови на поспецијализираните страници. Неколку од нив се наброени и овде:

## Банка на Словенија
http://www.bsi.si

## Министерство за фианансии
http://www.gov.si/mf/

## Стопанска комора на Словенија
http://www.gzs.si

## Европска централна банка
http://www.ecb.int

# *IV. Додатни информации*

**Европска комисија**
http://europa.eu.int/comm

*На еврофонот* **080 2002** *можете да се јавите и за општи информации за Европската унија, нејзините институции и програми и за работењето на Словенија како членка на ЕУ, а можете да ја посетите и интернетната страна* **http://evropa.gov.si**

Evro-za vse nas

*Издавачи:*
**Владата на Р Словенија**
(за неа: Служба на Владата на Р Словенија
за информирање) и
**Банка на Словенија**

*Главни редактори:*
**Аленка Чебулар и Шпела Бајцен**

*Редакционен одбор:*
**Нада Бизјак, Аленка Чебулар,**
**Владимир Ѓоровиќ, Наташа Кокол Цар,**
**Шпела Мајцен и Дарја Рабзељ**

*Обликување:*
**Еди Берк**

*Преведувач/ка:*
**Соња Цекова**

*Печатење:*
**ОПОЦЕ**

*Тираж:*
**2000**

Март 2006

*Produced with the support of the*
*European Commision.*

*©Responsability for the content of the brochures*
*lies entirely with the Government of the*
*Republic of Slovenia and Bank of Slovenia.*

REPUBLIKA SLOVENIJA
VLADA REPUBLIKE SLOVENIJE

BANKA SLOVENIJE

Publications Office
Publications.eu.int

enoten denar več priložnosti

Evro-za vse nas



ISBN 92-79-01213-4

9 789279 012136

KC-72-05-871-MK-C